Финансирано од Европска Унија

Институт за човекови права

Наоди и препораки од дискусиите со средношколци за инклузивно образование

1. ПОЗАДИНА И ЦЕЛ

Во рамките на проектот „Младински активизам за инклузивно општество“, кој се спроведува како дел од проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“ (финансиран од Европската Унија и спроведуван од УНДП), Институтот за човекови права (ИЧП) организираше серија трибини со средношколци на тема „Инклузивно образование“.

Дискусиите беа реализирани со ученици од следните училишта:

- СУГС „Димитар Влахов“, Скопје (16 април 2024)
- СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“, Скопје (25 април 2024)
- ОСМУ „Никола Штејн“, Тетово (26 април 2024)
- СОУ „Перо Наков“, Куманово (10 мај 2024)

Наставата во овие училишта се одвива на македонски, албански и, во одредени случаи, на турски јазик. Општата цел на дискусиите беше да се поттикнат учениците критички да размислуваат за придобивките и предизвиците на образованието во мултиетничка средина, како и да споделат идеи за иницијативи кои промовираат различност, инклузија и меѓуетнички дијалог.

Во сите дискусии учествуваа вкупно над 100 ученици, кои припаѓаат на македонската, албанската, турската, ромската, бошњачката и други етнички заедници. Сите сесии беа модерирани од обучени фасилитатори од различна етничка припадност и беше обезбеден консекутивен превод за оние ученици на кои им беше потребно.

2. МЕТОДОЛОГИЈА

Дискусиите беа спроведени во интерактивен формат кој вклучуваше групни вежби, воден дијалог и отворена дискусија. Учениците беа охрабрени да ги дефинираат клучните поими како различност и инклузија, да споделат лични искуства поврзани со меѓуетничката интеракција, да ги идентификуваат бариерите за инклузија во нивните училишта и да предложат практични решенија и препораки.

3. КЛУЧНИ НАОДИ

3.1. Меѓуетничка интеракција и комуникација

Учениците во сите училишта истакнаа дека директната интеракција меѓу нив значително ги намалува стереотипите. Дури и во случаи кога учениците претходно не се познавале или не го зборувале истиот јазик, заеднички активности создаваат позитивна атмосфера и им даваат можност да откријат заеднички интереси и слични искуства.

Сепак, интеракцијата меѓу нив останува ограничена и непостојана. Во некои училишта учениците се физички одвоени по катови или објекти, кои понекогаш се оддалечени и до 30 минути пеш. Во други, поделбата се врши преку различни смени или паралелки поделени според наставниот јазик. Заедничките активности се ретки, при што дел од учениците изјавија дека имале само две или три заеднички активности во текот на целото средно образование.

Учениците посочија дека ваквата сегрегација (без разлика дали е физичка, организациска или јазична) го засилува чувството на дистанца и „другост".

3.2. Јазикот како идентитет и бариера

Јазикот постојано беше идентификуван како најзначајната бариера во комуникацијата. Учениците кои зборуваат албански, македонски или турски јазик често имаат ограничени можности да го изучуваат јазикот на другите. Голем број ученици изразија силна подготвеност да го учат јазикот на друга етничка заедница доколку таквите часови се понудат како изборни предмети. Меѓутоа и понатаму постојат стереотипи, вклучително и ставови дека учењето друг јазик е непотребно или непожелно.

Учениците во голема мера се согласија дека изучувањето јазици може да има клучна улога во намалувањето на предрасудите и подобрувањето на секојдневната комуникација, слично како што се изучуваат странските јазици, на пример англискиот.

3.3. Квалитет и ефикасност на заедничките активности

Иако во одредени училишта постојат заеднички активности, учениците често ги опишуваа како неефикасни или симболични. На пример, дебатите кои се одвиваат на повеќе јазици ја губат смислата поради потребата од превод. Исто така, настани како модни ревии или прослави најчесто подразбираат заедничко учество само на завршниот ден, додека подготовките се реализираат одделно. Спортските активности постојано беа истакнувани како најуспешна форма на инклузија, бидејќи тимската работа природно ги надминува етничките поделби.

Учениците изразија желба за почести и подобро осмислени активности кои бараат вистинска соработка, наместо паралелно учество.

3.4. Училишна организација и институционална улога

Учениците ги посочија училишната администрација, наставниците и директорите како клучни чинители кои можат или да ја поттикнат или да ја попречат инклузијата. Ученците имаат ограничените канали за комуникација надвор од рамките на поединечните паралелки, што често резултира со неформално, нерамномерно и недоследно споделување на информации. Голем дел од учениците имаа чувство дека нивните идеи, предлози и гласови не се доволно вреднувани во рамките на училиштето, што доведува до чувство на исклученост и незаинтересираност за учество во процесите на донесување одлуки. Дополнително, беше изразена загриженост дека дел од училишниот кадар избегнува организирање заеднички активности поради страв дека меѓуетничката интеракција може да доведе до недоразбирања или конфликти, пристап кој наместо дијалог и соработка, ја зајакнува поделбата.

Истовремено, учениците ја препознаа и сопствената одговорност да бидат поактивни и поотворени за соработка.

3.5. Училишна клима, безбедност и дискриминација

Поголемиот дел од учениците изјавија дека дискриминација и булинг не се широко распространети, особено во споредба со искуствата од основното образование. Сепак, беа посочени изолирани случаи на дискриминација врз етничка или верска основа. Дел од учениците сметаа дека наставниците и училишниот персонал немаат доволно ефикасни механизми за соодветна реакција, додека постојните системи за пријавување и поддршка се перципираат како слаби или нејасни.

Кога беа прашано да го оценат нивото на инклузија во нивното училиште на скала од 1 до 10, одговорите се движеа од 4 до 7, што укажува на умерен напредок, но и укажува на значителен простор за подобрување.

4. ПРЕПОРАКИ ОД УЧЕНИЦИТЕ

Врз основа на дискусиите во сите четири училишта, беа издвоени неколку заеднички препораки.

- Зголемување на воннаставната интеграција

Постои силна потреба од зголемување на воннаставната интеграција преку организирање почести заеднички активности како што се спорт, уметност, културни работилници и научни проекти. Посебен акцент треба да се стави на активности во кои јазикот не претставува примарна бариера, вклучително и креативни и тимски иницијативи кои природно поттикнуваат интеракција и соработка меѓу учениците од различни етнички средини.

❖ Подобрување на квалитетот на постојните заеднички активности

Квалитетот на постојните заеднички активности треба да се подобри со тоа што и фазата на подготовка и фазата на реализација ќе се спроведуваат заеднички, а не одделно. Активностите треба намерно да се дизајнираат така што ќе бараат соработка и континуирана интеракција, бидејќи ваквиот пристап поттикнува подлабоко чувство на поврзаност и заедничка одговорност меѓу учесниците.

❖ Справување со физичката и организациската одвоеност

Учениците треба да се охрабруваат редовно да ги посетуваат и користат сите училишни простории со цел да се зајакне перцепцијата на припадност кон една заедничка училишна заедница. Каде што е можно, училиштата треба да ги преиспитаат смените и организацијата на наставата со цел да се овозможи поголем контакт и интеракција меѓу учениците кои учат на различни наставни јазици.

❖ Воведување можности за изучување јазици

Воведување на изборни предмети за изучување на јазиците што ги зборуваат учениците (албански, македонски, турски и ромски) би помогнало во намалување на комуникациските бариери и во промовирање на заемното разбирање. Повеќејазичноста треба активно да се промовира како практична вештина и заедничка вредност, а не како закана за индивидуалниот или колективниот идентитет.

❖ Зајакнување на комуникацијата и учеството на учениците

Училиштата треба да воспостават инклузивни училишни платформи за комуникација кои ќе обезбедат еднаков пристап до информации. Создавањето безбедни простори каде што учениците можат отворено да ги изразуваат своите грижи и да предлагаат иницијативи дополнително ќе го зголеми нивното учество, додека зајакнувањето на нивното учество во донесување на одлуки и реализирањето на нивните предлози ќе помогне во градењето доверба и одговорност.

- ❖ Градење институционален капацитет за инклузија

Градењето институционален капацитет за инклузија е од клучно значење. Ова вклучува обезбедување обуки за наставниците и училишниот персонал за управување со различностите, превенција на конфликти и ефективно реагирање на дискриминација. Училиштата треба да поттикнуваат отворени дискусии за стереотипите, идентитетот и соживотот, како и да промовираат заедничко чувство на одговорност за инклузијата меѓу учениците, наставниците и училишното раководство.

5. ЗАКЛУЧОК

Дискусиите покажаа дека младите се многу поотворени за инклузија и соработка отколку што често се претпоставува. Иако структурните, јазичните и институционалните бариери сè уште постојат, учениците јасно ги препознаваат заедничките интереси, покажуваат подготвеност за промени и предлагаат конкретни и остварливи решенија.

Инклузивното образование, како што го гледаат самите ученици, не значи само учење во иста зграда, туку учење заедно, значајна интеракција и еднакво вреднување. Со посилна институционална поддршка и автентично учество на учениците, училиштата можат да станат моќни простори за градење доверба и инклузивно општество.

Автор: Марија Чекреџи, проектен координатор